# ДИСО 1



## ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И ИГРАЈТЕ ЗАЕДНО

За деца на возраст од 4 до 6 години

FACE
FAMILIES AND CHILDREN IN EDUCATION

ДИСО (Децата и семејството во образованието) или Децата и семејството во образованието е проект кофинансиран од Универзитетот за образование на наставници во Цирих (Pädagogische Hochschule Zürich) и Одделението за финансии на кантонот Цирих, Швајцарија.

**Работна тетратка ДИСО 1 – Верувајте во себе и играјте заедно.**
**За деца на возраст од 4 до 6 години**

Работна тетратка ДИСО 2 – Верувајте во себе и славете заедно.
За деца на возраст од 7 до 9 години

Работна тетратка ДИСО 3 – Верувајте во себе и работете заедно.
За деца на возраст од 10 до 12 години

Автор: Вилтруд Вајдингер
Коавтори: Сабрина Маруншеду, Петер Холцварт
Илустрации и изглед: Надине Хуги
Редакција: Франциска Агости

Превод од англиски јазик: Драган Петровски
Редакција на преводот: д-р Валентина Илиева

PH ZH
IPE – INTERNATIONAL PROJECTS IN EDUCATION
ZURICH UNIVERSITY OF TEACHER EDUCATION

Издадено во 2017
Универзитет за образование на наставници Цирих,
Интернационални проекти во образованието
www.phzh.ch/ipe

# ДИСО 1

Вилтруд Вајдингер

## ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И ИГРАЈТЕ ЗАЕДНО

За деца на возраст од 4 до 6 години

FACE
FAMILIES AND CHILDREN IN EDUCATION

# СОДРЖИНА

## 1 Ова сум јас страни 7–20


| | | |
|---|---|---|
| 1 – Задача 1 | Ова сум јас | 10 |
| 1 – Задача 2 | Ги сакам животните | 12 |
| 1 – Задача 3 | Јас сум јас – ти си ти | 14 |
| 1 – Задача 4 | Ова ме смее | 15 |
| 1 – Семејна задача 5 | Смешни маски од животни | 17 |
| 1 – Задача 6 | Ги играме нашите игри | 20 |


## 2 Мојата група страни 21–36


| | | |
|---|---|---|
| 2 – Задача 1 | Кој е во мојата група? | 24 |
| 2 – Задача 2 | Ја сакам мојата група | 27 |
| 2 – Задача 3 | Да си играме во градинката/училиштето | 30 |
| 2 – Задача 4 | Ја правиме нашата градинка/училиште од соништата | 32 |
| 2 – Семејна задача 5 | Сите сме исти – сите сме различни | 34 |
| 2 – Задача 6 | Забавно е да се игра во градинка/училиште | 36 |


## 3 Како да бидеме другарчиња страни 37–50


| | | |
|---|---|---|
| 3 – Задача 1 | Другарчињата се важни | 40 |
| 3 – Задача 2 | Како се чувствувате денес? | 43 |
| 3 – Задача 3 | Ги покажувам моите чувства | 45 |
| 3 – Задача 4 | Ајде да се смириме | 46 |
| 3 – Семејна задача 5 | Знак на пријателство | 48 |
| 3 – Задача 6 | Ајде пак да си играме | 50 |


## 4 Јас сум здрав/а страни 51–64


| | | |
|---|---|---|
| 4 – Задача 1 | Му се заблагодарувам на моето тело | 54 |
| 4 – Задача 2 | Моите сетила | 56 |
| 4 – Задача 3 | Здрави и болни | 58 |
| 4 – Задача 4 | Цртање на омилената храна | 60 |
| 4 – Семејна задача 5 | Ми се допаѓа вкусот на… | 62 |
| 4 – Задача 6 | Ајде пак да си играме | 64 |


## 5 Што можам јас да направам страни 65–78


| | | |
|---|---|---|
| 5 – Задача 1 | Можам да правам многу работи | 68 |
| 5 – Задача 2 | Можам да создавам музика | 71 |
| 5 – Задача 3 | Моите убави камчиња | 73 |
| 5 – Задача 4 | Можам да решам проблем | 75 |
| 5 – Семејна задача 5 | Правиме комета | 77 |
| 5 – Задача 6 | Ги играме нашите игри | 78 |

## 6 Играме заедно страни 79 – 92


| | | |
|---|---|---|
| 6 – Задача 1 | Подготовка на забавата со игри | 82 |
| 6 – Задача 2 | Проба | 85 |
| 6 – Задача 3 | Ги подготвуваме поканите | 87 |
| 6 – Задача 4 | Играме (1) | 89 |
| 6 – Задача 5 | Играме (2) | 91 |
| 6 – Семејна задача 6 | Забава со игри: Играме заедно | 92 |


## 7 Што научив – што научивме заедно страни 93 – 103


| | | |
|---|---|---|
| 7 – Задача 1 | Сакаме да го движиме телото | 94 |
| 7 – Задача 2 | Цртање на награда за нашето тело | 96 |
| 7 – Задача 3 | Слика од нашата група | 98 |
| 7 – Задача 4 | Вака се поздравуваат Марсовците | 99 |
| 7 – Семејна задача 5 | Повратна информација од моите родители | 100 |
| 7 – Задача 6 | Што ми се допадна, а што не | 102 |

Повратна информација од мојот наставник / мојата наставничка 104




# ИГРИ

## Игри за започнување на час (загревање)


| Игри за започнување на час (загревање) | страна |
|---|---|
| Животински звуци | 17 |
| Биди ми огледало | 14 |
| Слепо оро | 40 |
| Плеснете со дланки на подот | 56 |
| Плеско | 73 |
| Не смејте се | 15 |
| Програма за развивање на чувства (3 - Задача 3) | 45 |
| Овошна салата | 58 |
| Игра за поздравување | 10 |
| Глави и рамена (7 - Задача 1) | 94 |
| Туркање на лименки (2 - Задача 3) | 30 |
| Правење колачиња | 75 |
| Мама и мачиња | 12 |
| Марсовски поздрави (7 - Задача 4) | 99 |
| Роботи и механика | 48 |
| Ракетата полетува | 68 |
| Расипано јајце | 60 |
| Скулптор и скулпторка | 46 |
| Наставникот/наставничката вели | 68 |
| Фрлање камчиња (5 - Задача 3) | 73 |
| Музикална змија | 32 |
| Фрлање топчиња во кутија (2 - Задача 3) | 30 |
| Фрлање на комета | 77 |
| Невреме | 34 |
| Што е различно? | 27 |
| Што е црвено? | 30 |
| Кој од вас може да...? | 71 |
| Кој седи до мене? | 10 |


## Игри за завршување на час (смирување)


| Игри за завршување на час (смирување) | страна |
|---|---|
| Пишување на грб | 14 |
| Авто-перална | 32 |
| Топка за поздрав | 58 |
| Погодете како ми е | 43 |
| Јас сум животно | 17 |
| Јас сум твојата сенка | 27 |
| Тајна порака | 48 |
| Расипан телефон | 75 |
| Седење во скут | 40 |
| Пајак во мрежа | 73 |
| Гровтај прасе | 12 |
| Раце топли како сонце | 56 |
| Што се промени? | 71 |
| Што научив? | 24 |
| Каде е богатството? | 15 |
| Кој е тоа? | 34 |


работи сам/а

работа со едно или две деца

работа во групи

време

# КАКО ДА РАБОТИТЕ СО ОВОЈ ПРИРАЧНИК

## Добредојдовте во ДИСО –
## Децата и семејството во образованието

Овој прирачник им припаѓа на децата и наставниците. Тој е работна тетратка за деца која им помага да ги развијат нивните квалитети и чувства за себе, а подготвителен прирачник за наставници. Наставниците ќе ги видат 7-те глави кои обработуваат различни аспекти на лични компетенции и животни вештини за деца од 4 до 6 години. Во секое поглавје има една задача посветена на поканување на родителите во градинката/училиштето и заедничко работење со наставниците.

Секоја задача вклучува игри кои треба да се играат или извршат на час. Листата на сите игри се наоѓа на страна 4. На крајот на школската година, децата и родителите треба заедно да организираат забава со игри (глава 6). Крајната глава од ДИСО 1 е можност да се осврне на процесите на учење и дава простор за повратна информација од родителите и наставниците. Задачите се разликуваат во нивните педагошки методи и вклучуваат учење засновано на задачи, учење со соработка или други методи со учество.

Во прирачникот има два лика кои ќе се движат низ прирачникот заедно со децата. Тие некогаш ќе истакнат нешто на слика, некогаш само ќе бидат присутни додека децата работат на некоја активност.

Еве ги нив:




Овој прирачник е напишана за момчиња и девојчиња, за мажи и жени. Во текстот децата и наставниците се претставени или како „тој“ или како „таа“ за подобро читање. Така се опфаќаат и двата пола.

Ајде да започнеме! Добредојдовте во ДИСО –
Децата и семејството во образованието.

# ОВА СУМ ЈАС

# 1

# ЗАБЕЛЕШКИ

# Ова сум јас



# 1 – ЗАДАЧА 1
## ОВА СУМ ЈАС

**Задача:**
Се претставувате себе и игратe со другите. Се цртате себе.
Ги знаете имињата на вашите другарчиња.

**Како да се работи:**
Со цела група, сами

**Материјали:**
- работен лист → стр. 11
- фломастери

45'

### ЧЕКОРИ

1. Децата седат на нивните клупи. Поделете ги листовите и запознајте ги со Ана и Калин. Децата нека ја опишат сликата. → стр. 9

2. Претставете ја празната фигура на сликата.

3. Децата ја бојат сликата и цртаат лице и облека. Кога ќе завршат, тие меѓусебно си ги погледнуваат цртежите.

4. Децата се враќаат во кругот од столчиња. Ги претставуваат нивните цртежи со кажување две работи за нив: „Ова сум јас. Се викам... имам... (кафена коса, сини очи, убави чевли итн.)“ Наставникот/наставничката им вели да одберат една работа и да ја кажат. Потоа сите деца повторуваат: Ова е... Таа има... Супер, (име)!“. Сите деца ракоплескаат и секое дете треба да добие аплауз.

- **ИГРА ЗА ПОЗДРАВУВАЊЕ**
  Децата се движат низ собата. Свири музика. Кога ќе сопре музиката, децата треба да застанат и да се поздрават со ракување, плескање на двете раце или „да пукне“, само со малото прсте, да се допрат на носот и сл. Тие велат: „Јас се викам...“ Наставникот/наставничката им кажува како да се поздрават пред да започне музиката.

- **КОЈ СЕДИ ДО МЕНЕ?**
  Сите деца седат во круг на столчиња. Едно столче е празно. Детето кое седи лево од празното столче почнува со следната реченица: „Столчето десно од мене е празно, сакам... да седне до мене“. Именуваното дете доаѓа и седнува на празното столче. Потоа почнува детето лево од празното столче. Наставникот/наставничката треба да внимава на тоа различни деца да менуваат столче.



# Ова сум јас









Ова сум јас:

# 1 – ЗАДАЧА 2
## ГИ САКАМ ЖИВОТНИТЕ

### ЧЕКОРИ

1. Децата седат на столчињата. Наставникот/наставничката прашува „Кој сака кучиња и мачиња?“ Децата креваат раце. Наставникот/наставничката дава други примери (кучиња, слонови, тигри, китови, делфини, коњи, итн.)

2. Претставете го работниот лист „Какви животни сакаат Ана и Калин?“ Децата ги опишуваат и именуваат животните.

3. Децата ги бојат животните кои ги сакаат и работат сами.

4. Кога децата ќе завршат, доаѓаат во круг со нивните листови. Наставникот/наставничката прашува: „Кој сака...?“ Децата кои ги имаат обоено овие животни ги креваат рацете.

45'

**Задача:**
Им кажувате на другите што сакате. Разбирате дека сите се различни.

**Како да се работи:**
Со целата група, сами

**Материјали:**
- работен лист → стр. 13
- фломастери

- **ИГРА ЗА ПОЗДРАВУВАЊЕ** → стр. 10
- **КОЈ СЕДИ ДО МЕНЕ?** → стр. 10
- **МАМА И МАЧИЊА**
  Едно дете е мајката мачка и чека во еден агол од училницата. Во другиот агол децата (или наставникот/наставничката) одредуваат едно дете да биде маче. Сите деца се движат како мачиња низ собата. Од време на време мачето прави „мјау“. Мајката треба да го најде мачето. Кога ќе го најде го кажува и тоа дете треба да биде мајката.

- **ГРОВТАЈ ПРАСЕ**
  Децата повторно седат во круг. Наставникот/наставничката бира едно дете да биде „сточар“. Другите деца се прасиња. На сточарот му се врзуваат очите и стои во средина. Потоа го вртат сточарот трипати и тој/таа се движи без гледање. Сточарот седнува во скутот на едно „прасе“ и вели „Гровтај прасе!“. Кога прасето ќе загровта фармерот треба да го погоди името на детето. Ако погоди, тоа дете станува сточар во следната рунда. Ако не, повторно го вртат фармерот и тој/таа бара прасе.

# Ги сакам животните





# 1 – ЗАДАЧА 3
## ЈАС СУМ ЈАС, ТИ СИ ТИ

45'

**Задача:**
Разбирате дека сте единствени и дека вашите другарчиња се единствени.

**Како да се работи:**
Сами, со партнер

**Материјали:**
- бои или фломастери
- бели листови хартија

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката претставува: „Ана и Калин се посебни деца. Тие можат да прават многу нешта. Тие ги сакаат животните, ја сакаат градинката, сакаат да си играат со другите деца. Но, сакаат да бидат и единствени. Дали знаете што значи единствен/а?" Се прави дискусија за тоа да се биде единствен/а. Наставникот/наставничката објаснува зошто отпечатоците се единствени.
2. Децата седнуваат во групи од четири и прават отпечатоци од раце на бел лист.
3. Кога ќе се исушат листовите, децата се враќаат на местата и прават цвет од нивниот отпечаток.
4. Цветовите се покажуваат во училница. Сите ги гледаат. Дали тие се исти? Дали се различни? Наставникот/наставничката ја води дискусијата.



- **КОЈ СЕДИ ДО МЕНЕ?** → стр. 10
- **БИДИ МИ ОГЛЕДАЛО**
  Две деца стојат гледајќи едно во друго. Едното дете прави нешто (пр. плеска со раце или тропа со нозе). Другото дете треба да биде огледало и да направи исто. Потоа првото дете прави друг потег, а огледалото треба да го направи истото. По неколку пати наставникот/наставничката им вели да ги сменат улогите.

- **ПИШУВАЊЕ НА ГРБ**
  Две деца играат заедно. Едното седи пред другото. Првото дете почнува да црта нешто на грбот на другото. (пр. срце, круг, триаголник итн.) Другото дете треба да погоди што црта. Потоа се менуваат.

# 1 – ЗАДАЧА 4
## ОВА МЕ СМЕЕ

30'

**Задача:**
Откривате што ве смее. Ги смеете другите луѓе. Разбирате дека смеењето заедно создава добра атмосфера.

**Како да се работи:**
Цела група, со партнер, сами

**Материјали:**
- работен лист → стр. 16
- фломастери

### ЧЕКОРИ

1. Сите деца седат во круг. Наставникот/наставничката почнува дискусија за тоа што ги смее. Таа користи отворени и затворени прашања. Децата одговараат, а наставникот/наставничката внимава да учествуваат сите.

2. Потоа наставникот/наставничката поставува прашања:
   - Дали знаете различни начини на смеење? – децата можат да се обидат.
   - Дали умеете да одите смешно на различен начин?
   - Дали знаете некоја смешна песна? – може да пее едно дете или целата група. Наставникот/наставничката внимава на употребата на зборови.

3. Потоа наставникот/наставничката продолжува: Дали можеме да се смееме на сè? – потоа ги слуша одговорите на децата.

4. Потоа: Ќе правиме вежба заедно. – децата одат на клупите и работат на листот.

- **БИДИ МИ ОГЛЕДАЛО** → стр. 14

- **НЕ СЕ СМЕЈ**
  Секогаш две деца седат отспротива. Кој може најдолго да издржи без да се насмее? Станува потешко кога двете деца почнуваат да прават смешни фаци.

- **КАДЕ Е БОГАТСТВОТО?**
  Децата стојат блиску едни до други во круг. Рацете им се зад грб. Едно дете е во средината и ги затвора очите. Наставникот/наставничката му го дава богатството (клучеви, топче и сл.) на едно од децата во кругот. Детето во средина ги отвора очите. Другите деца си го подаваат клучот зад грб, без да прават многу врева. Детето во средина треба да погоди и покаже каде е богатството. Ако погоди, детето каде што било богатството застанува во средина.

# Ова ме смее















# 1 – СЕМЕЈНА ЗАДАЧА 5
## СМЕШНИ ЖИВОТИНСКИ МАСКИ

45'

**Задача:**
Правите смешни животински маски

**Како да се работи:**
Сами, во групи, заедно со наставникот/наставничката и родителите

**Материјали:**
- хартија
- боја

• **ЖИВОТИНСКИ ЗВУЦИ**
Децата седат во круг. Едно дете е во средината и држи топка. Тоа му ја фрла топката на друго дете и кажува некое животно. Детето од кругот треба да го имитира тоа животно. Ако не може да го имитира, тоа дете седнува во средината на кругот.

• **ЈАС СУМ ЖИВОТНО**
Наставникот/наставничката му фрла топче на едно дете. Детето се претставува. Пр. „Јас сум смешен тигар. Се викам...“ (Децата можат да измислат име или да го кажат своето). Може да направи и звук. Детето може да оди околу собата и да го имитира животното.

**ЧЕКОРИ**

1. Наставникот/наставничката ги објаснува смешните животински маски. Таа покажува примери од вакви маски (следна страна) и им дава на децата да ги именуваат животните. Потоа им помага на децата да одлучат кое животно сакаат да го изработат.

2. Наставникот/наставничката подготвува хартиени чинии или дебел картон (кружен), водени бои, лепак и работи кои ќе се лепат на маската (пердуви, обоена хартија, волна итн.) Исто така, може да се користат шаблоните на следната страна.

3. Децата работат во групи од четворица со помош на родител.

4. Наставникот/наставничката ги дава следните упатства (родителите помагаат):
   **а)** исечете ја маската (ако користите шаблон)
   **б)** нацртајте кругови за очите
   **в)** исечете ги очите
   **г)** обојте ја маската
   **д)** декорирајте ја маската
   **ѓ)** направете дупки за ластикот
   **е)** напишете го своето име на маската

5. Децата ги земаат направените маски и седнуваат во круг заедно со родителите и наставникот/наставничката.

6. Секое дете ја става маската.



# Смешни животински маски



# Смешни животински маски



# 1 – ЗАДАЧА 6
## ГИ ИГРАМЕ НАШИТЕ ИГРИ

30'

**Задача:**
Ги играте игрите кои ги научивте.

**Како да се работи:**
Сами, со цела група, со партнер

**Материјали:**
Зависно од играта која е опишана во задачите: топче, „богатство“, маски итн.



- **ЖИВОТИНСКИ ЗВУЦИ** → стр. 17
- **БИДИ МИ ОГЛЕДАЛО** → стр. 14
- **НЕ СЕ СМЕЈ** → стр. 15
- **ИГРА ЗА ПОЗДРАВУВАЊЕ** → стр. 10
- **МАЈКА И МАЧИЊА** → стр. 12
- **КОЈ СЕДИ ДО МЕНЕ?** → стр. 10

- **ПИШУВАЊЕ НА ГРБ** → стр. 14
- **ЈАС СУМ ЖИВОТНО** → стр. 17
- **ГРОВТАЈ ПРАСЕ** → стр. 12
- **КАДЕ Е БОГАТСТВОТО?** → стр. 15

# МОЈАТА ГРУПА

# 2

# ЗАБЕЛЕШКИ

# Мојата група



# 2 – ЗАДАЧА 1
## КОЈ Е ВО МОЈАТА ГРУПА?

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката ја претставува приказната „Ана и Калин во градинка“ Децата ја опишуваат сликата. → стр. 23

2. Наставникот/наставничката ја раскажува приказната за Ана и Калин. Текстот на следната страна може да послужи за водич.

3. Наставникот/наставничката поставува последователни прашања како:
   - Што вие сакате да играте?
   - Што знаете за другите во вашата група?
   - Кои ви се другарчиња во градинката/училиштето?

4. Наставникот/наставничката го дели листот и ги поминува сликите и прашањата заедно со децата.

5. Децата се движат низ просторијата и ги прашуваат другите деца дали сакаат фудбал, играње брканица, пеење, музика итн. За секое „да“ треба да нацртаат мала црта под сликата.

6. Тие повторно се враќаат во кругот.

45 '

**Задача:**
Меѓусебно подобро да се запознаете.

**Како да се работи:**
Во парови и со целата група.

**Материјали:**
- работен лист → стр. 26
- фломастери
- топка

- **ГРОВТАЈ ПРАСЕ** → стр. 12

- **ШТО НАУЧИВ**

Децата стојат во круг. Наставникот/наставничката држи топка и вели „Дознавте различни работи за вашите другарчиња. Сакам да им кажете на сите што дознавте. Ако ја добиете топката, треба да кажете нешто за себе и нешто што дознавте за друг. Пр. „Не сакам фудбал“, „Елена сака да пее“, „Дедо и баба живеат со нас“, „Маријан сака јаболка“ итн.

**ПРИКАЗНА:**

# Ана и Калин во градинка

Ана и Калин одат во градинка. Ана има пет години, а Калин четири. Тие имаат многу добра наставничка. Таа се вика Јана Јовановска. Кога децата доаѓаат во градинка, секое од нив се ракува со наставникот/наставничката и вели „здраво“. Тие седат на своите места. Пред да го почнат денот, наставникот/наставничката Јана ги прашува како се. Тие сите седат во круг, за меѓусебно да се гледаат.

Тие обично започнуваат со песна или игра. Ана сака да пее. И Калин сака музика, ама повеќе сака да игра игри. Некогаш, некое дете или повеќе деца можат да донесат нешто што тие сакаат во градинка. Тие ги покажуваат нивните омилени работи на другите деца или кажуваат што прават во слободното време.

Потоа, наставникот/наставничката им кажува приказна од некоја книга, а понекогаш тие цртаат нешто. За време на паузите, можат да си играат со што сакаат. Ако времето е убаво, тие играат во дворот. Калин сака да игра фудбал со неговиот најдобар другар Маријан. Некогаш и Ана игра фудбал, но таа повеќе сака да игра миженка или брканица. Таа е многу добра во тоа бидејќи трча брзо. Нејзината најдобра другарка Елена е повисока од Ана и таа трча малку побрзо. Двете девојчиња често скокаат на јаже со други другарчиња. Заедно скокаат многу добро.

Има повеќе од дваесет деца во групата на Ана и Калин. Сите се многу добри, но понекогаш и се караат. Обично не е ништо сериозно и веднаш се смируваат. Ако не можат да се смират по некоја караница, наставникот/наставничката се обидува да им помогне. Наставникот/наставничката Јана е многу строга за оваа работа. Таа секогаш вели дека сите деца се караат, но многу е важно да научат како да се смират.

# Кој е во мојата група?

















# 2 – ЗАДАЧА 2
## ЈА САКАМ МОЈАТА ГРУПА

45 '

**Задача:**
Сфаќате дека е важно да имате удобност во вашата група и дека придонесувате за добра атмосфера

**Како да се работи:**
Сами, во парови, со целата група

**Материјали:**
- работен лист → стр. 29
- фломастери
- за приказната: виљушка, молив, нешто што ќе претставува дрво

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката ја кажува приказната (текстот на следната страна) за тажното палче и ја глуми со нејзините раце.
2. Наставникот/наставничката ги мотивира децата да работат во парови и да прават нешто користејќи ги палците, на пр.:
   - да откопчаат или соблечат палто
   - да ги врзат врвките
   - да нацртаат или напишат нешто итн.
3. Наставникот/наставничката поставува последователни прашања за приказната:
   - Зошто прстињата повеќе не сакаа да си играат со палчето?
   - Како се чувствувавте кога видовте дека палчето плаче? Зошто?
   - Што мислите за другите прстиња?
   - Што мислите дека ни кажува приказната?
4. Децата го добиваат работниот лист и фломастери. Цртаат мали лица на празната рака и ги бојат.

- **ШТО Е РАЗЛИЧНО?**
  Две деца стојат едно спроти друго. Тие внимателно се гледаат. Едно дете се свртува. Другото дете менува нешто во неговиот изглед, на пр. косата, алиштата, изразот на лице итн. Другото дете треба да погоди што се променило. Наставникот/наставничката кажува кога детето може да се сврти. По неколку погодувања, децата го менуваат партнерот.

- **ЈАС СУМ ТИ СЕНКА**
  Децата работат во парови и стојат едно зад друго. Додека свири музиката, детето одзади мора да биде сенка, т.е. да ги имитира сите движења на детето однапред. Движењата треба да се имитираат што попрецизно. По две минути, децата се менуваат.

# Приказната за тажното палче

Си беше еднаш едно палче кое се шеташе во селото. Одеднаш тоа слушна како некој плаче. Тоа беше едно друго палче кое беше седнато на камен покрај патот. Тоа беше толку тажно, па расшетаното палче се нажали и го праша: „Здраво, палче! Зошто плачеш?“

Сè уште плачејќи, палчето му одговори: „Утрово, кога сакав да си поиграм со другите прстиња, тие ми рекоа: – Ти си дебело и кусо. Повеќе не сакаме да си играме со тебе. Бев многу тажно и решив да си заминам. Прво, се скрив во џебот. Другите прстиња беа многу среќни што си заминав и се смееја и веселеа. Затоа си заминав за везден и сега сум тука, но многу сум тажно.“ Палчето почна повторно да плаче.

Нашето палче се помисли малку и потоа рече: „Не грижи се, палче, сигурен сум дека другите прстиња досега сфатија колку им си важно. Дојди со мене. Ќе видиш.“ Тажното палче појде по другото палче, но беше премногу исплашено за да ги види другите прстиња, така што се скри во џебот и ѕиркаше оттаму. Тоа што го виде беше многу смешно. Прстињата се обидуваа да држат виљушка на ручекот, но таа постојано им паѓаше. Потоа се обидоа да напишат писмо до другарче, но моливот постојано им паѓаше.

Накрај, решија да прават нешто смешно. Рекоа: „Ајде да се качиме на дрво.“ Но, кога сакаа да ги фатат гранките, постојано се лизгаа. Почнаа да се обвинуваат едни со други, бидејќи секое од нив мислеше дека вината е кај другото. Но, сфатија дека едноставно им фали палчето. Тогаш почнаа да викаат по палчето и да го молат да се врати: „Палче, те молиме да ни се вратиш! Многу ни недостасуваш и веќе нема да те навредуваме!“

Во меѓувреме, палчето го гледаше сето ова од џебот. Тоа многу се смееше додека ги гледаше другите прсти колку се несмасни без него. Поради ова, тоа се чувствуваше многу важно. Кога слушна дека другите прстиња го бараат, тоа излезе од џебот. Другите прстиња се радуваа и смееја. Оттогаш, палчето и другите прстиња секогаш си играа заедно и беа среќни.

Адаптирано од: PH FHNW (Hg.) (2014): Mutanfälle. Mutig sich selber, anderen und der Welt begegnen.
II – 3, 3. Auflage. Beratungsstelle Gesundheitsbildung: Aarau.

# Тажното палче



# 2 – ЗАДАЧА 3
## АЈДЕ ДА ИГРАМЕ ВО ГРАДИНКА/УЧИЛИШТЕ

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката им вели на децата дека тие ќе направат свои игри. За ова треба да се направи следното:
   **а)** топка од весник
   **б)** „хартиени лименки“ кои се прават од картони од тоалетна хартија со сечење и боење

2. Наставникот/наставничката ја дели групата на групи по четворица. Секоја група добива картонска кутија. Кутиите се ставаат во два ќоша од просторијата.
   Се играат две игри:

   - Се ставаат „лименките“ на маса. Секое дете се обидува да ги сруши лименките со топка од весници. Децата можат да ставаат цртки за секоја победа.



   - Децата се обидуваат да ги фрлат топчињата во кутијата. Секое дете ги добива топките од целата група. Колку повеќе топки фрли во кутијата, толку повеќе поени добива.



45'

**Задача:**
Правите едноставни играчки од секојдневни материјали како што се: весници, хартија и картон.

**Како да се работи:**
Сами, во парови, со целата група

**Материјали:**
- фломастери
- стари весници
- лепило или селотејп
- 3–5 картонски кутии
- картони од тоалетна хартија

- **ШТО Е ЦРВЕНО?**
  Децата седат во круг. Едно дете ја фрла топката до друго дете и го прашува: „Што е црвено?“ Детето кое ја фатило топката одговара, на пр.: „Доматите се црвени“ Потоа прашува за друга боја, на пр. „Што е сино?“ и ја фрла топката до друго дете кое може да рече: “Небото е сино.“ Во текот на играта, децата можат да ги споменуваат истите бои, но одговорите треба да се различни.

- **КАДЕ Е БОГАТСТВОТО?**
  → стр. 15

Ајде да си играме
во градинка/училиште



# 2 – ЗАДАЧА 4
## ПРАВИМЕ ГРАДИНКА/УЧИЛИШТЕ ОД СОНИШТАТА

### ЧЕКОРИ

1. Децата седат во круг. Наставникот/наставничката ја покажува сликата од градинката/училиштето. Таа им вели на децата да ја погледнат сликата и да откријат што им се допаѓа.

2. Наставникот/наставничката им кажува на децата што играат Ана и Калин денеска. Дознајте на следната страница.

3. Тој/таа објаснува дека децата ќе си „направат" своја градинка/училиште. Децата можат да си играат што тие сакаат. Тие смеат да ги поместат клупите и столчињата. Можат да се користат ќебиња и штипки за да се изгради нешто. Наставникот/наставничката определува две до максимум четири деца на едно место.

60'

**Задача:**
Ја правите вашата градинка / вашето училиште од соништата со поместување на клупите и столчињата. Си играте во „новата" градинка / „новото" училиште.

**Како да се работи:**
Со целата група и во помали групи

**Материјали:**
- музика
- ќебиња, чаршафи, штипки итн.
- кутии.

- **МУЗИЧКАТА ЗМИЈА**
Сите деца се подредуваат и прават долга „змија". Кога ќе почне музиката, змијата почнува да се движи. Детето на чело на змијата прави движења како на пр. скока, ползи, оди на прсти итн. Другите деца ги имитираат движењата. Кога ќе сопре музиката, детето на чело оди назад и на ред е следното дете.

- **АВТО-ПЕРАЛНА**
Оваа игра се игра без зборување и многу тивко. Групата се реди рамо до рамо. Детето на крајот од линијата е „автомобилот" што треба да се исчисти. Тоа се движи по линијата свртено со грб. Другите деца се четките. Тие го масираат, галат или допираат грбот на детето. Не е дозволено скокоткање, удирање или какви било насилни движења. Кога детето ќе дојде до крај, „автомобилот" е чист и на ред е друго дете.

## ПРИКАЗНА:
# Ана и Калин си играат во градинка

Денес, по големиот одмор, децата од градинката на Ана и Калин можат да одберат што да си играат. Ана си игра „продавница" со нејзините другарчиња Елена, Јоана и Константин. Касата им е нова. Неа ја направија некои од децата во градинката, користејќи картонски кутии.
Тие се многу горди на неа бидејќи самите ја направија.

Елена е продавачка, а Ана е купувачот. Таа глуми мајка која бара храна за бебиња. Јоана го глуми бебето. Таа постојано плаче, а Ана се обидува да ја смири. Ова трае долго и Константин, кој глуми друг купувач, станува нетрпелив. Тој сака да плати и да си замине. Сите деца се забавуваат.

Калин гради нешто со Даниела, Маријан и Трајан. Тие сѐ уште се немаат договорено што сакаат да градат со коцките. Даниела и Маријан сакаат да изградат тврдина и да одиграат битка со витези и коњи. Но, Калин и Трајан сакаат да изградат стаза за трка со колички.

# 2 – СЕМЕЈНА ЗАДАЧА 5
## СИТЕ СМЕ РАЗЛИЧНИ – СИТЕ СМЕ ИСТИ

45'

**Задача:**
Ја претставувате групата со правење на „оро од човечиња“ и сфаќате дека сите сте различни, но заедно сте во заедница.

**Како да се работи:**
Сами, во пар со родител, целата група

**Материјали:**
- фломастери
- ножици
- лепило

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката ја претставува задачата со претставување на групата на хартија. Децата ќе направат „оро од човечиња“. Таа покажува како тоа се прави.




2. Децата го прават „орото од човечиња“ со родителите и заедно ги бојат (секогаш две или четири деца со еден родител).

3. Кога ќе завршат, орото се става на клупа или се прикачува на табла за да го гледаат сите. Наставникот/наставничката се осврнува на фактот дека сите деца се различни, но тие припаѓаат заедно.

• **ГРМОТЕВИЦИ**
Сите деца стојат во круг и се тивки. Наставникот/наставничката прави звуци како да има грмотевици. Детето одлево треба да го имитира звукот, и тоа оди од дете на дете додека не се врати повторно кај наставникот/наставничката. Наставникот/наставничката ги дополнува звуците со опис на бурата која доаѓа. Тријте ги рацете за шумењето на ветрот, пукнете со прстите за росењето на капки дожд, удирајте по бутините за силен дожд, удирајте со нозете за грмотевици и секавици. Бурата сега го достигна врвот и полека се смирува. Ги правите звуците наопаку додека не изгрее сонцето.

• **КОЈ Е?**
Сите стојат во круг. Наставникот/наставничката почнува да опишува некое дете, на пр. „Гледам дете со кафена коса, носи црвен џемпер и бели чевли. Детето кое наставникот/наставничката го опишуваше е следно на ред и тоа опишува друго дете.

# Сите сме различни
# сите сме исти



# 2 – ЗАДАЧА 6
## ЗАБАВНО Е ДА ИГРАМЕ ВО ГРАДИНКА/УЧИЛИШТЕ

45 '

**Задача:**
Играте некои од игрите кои ги научивте. Исто така, имате време да играте со играчките кои ги направивте.

**Како да се работи:**
Во парови, мали групи и со целата група

**Материјали:**
- како што е опишано во задачите



- **ЈАС СУМ ТИ СЕНКА** → стр. 27
- **ТУРКАЊЕ ЛИМЕНКИ** → стр. 30
- **ГРОВТАЈ, ПРАСЕ** → стр. 12
- **МУЗИЧКАТА ЗМИЈА** → стр. 32
- **ФРЛАЊЕ ТОПКИ ВО КУТИЈА** → стр. 34
- **ГРМОТЕВИЦИ** → стр. 34
- **КОЈ Е?** → стр. 34

- **АВТО-ПЕРАЛНА** → стр. 32
- **ШТО НАУЧИВ** → стр. 24
- **ШТО Е РАЗЛИЧНО?** → стр. 27
- **ШТО Е ЦРВЕНО?** → стр. 30
- **КАДЕ Е БОГАТСТВОТО?** → стр. 15



# КАКО ДА БИДЕМЕ ДРУГАРЧИЊА

# 3

# ЗАБЕЛЕШКИ


Како да бидеме другарчиња

# 3 – ЗАДАЧА 1
## ДРУГАРЧИЊАТА СЕ ВАЖНИ

60'

**Задача:**
Размислувате за тоа колку ви значат другарчињата и дискутирате што за вас е добро другарче.

**Како да се работи:**
Сами, во парови и со целата група

**Материјали:**
- Фломастери
- Ножици
- Лепило
- Чепкалки за заби или стапчиња од сладолед
- Крпчиња за да се покријат очите на половина од групата

### ЧЕКОРИ

1. Групата седи во круг. Децата ја гледаат сликата на која Ана и Калин си играат. Зборуваат за сликата. → стр. 39
2. Потоа наставникот/наставничката го насочува вниманието на сцената со Калин, Маријан и Ана. Наставникот/наставничката ја претставува сцената на следната страна.
3. Дискусија за другарството.
   Можни прашања:
   - Што мислите за однесувањето на Маријан?
   - Што со Калин? Што со Ана?
   - Што прави добриот другар?
4. Наставникот/наставничката ги дели ликовите еднакво на целата група. Децата ги отсекуваат. Исто така, можат да ги обојат. Наставникот/наставничката им помага да ги залепат ликовите на стапчињата.
5. Децата ја одигруваат сцената во групи од три. Ако сакаат, тие можа да ја адаптираат приказната.
6. Некои од групите можат да ја одиграат сцената пред групата (во кругот).

- **ТРКА НА СЛЕПО**
  Наставникот/наставничката подготвува мала трка во училницата. На пример, слалом низ столчиња, ползење под клупа, скокање преку линија, одење во права линија итн. Децата ја прават трката во парови. Едно дете има превез на очите, а другото треба да го води низ патеката. Може да се користи и ходникот. Исто така, играта може да се игра и надвор. По некое време, се менуваат местата.

- **СЕДЕЊЕ ВО СКУТ**
  Целата група стои во круг. Сите деца се вртат надесно со поглед во грбот на детето до нив. Потоа се доближуваат едни до други и кога наставникот/наставничката ќе изброи до три, тие седнуваат на колената на детето зад нив. Кога сите се седнати, тие треба да се обидат да одат.



СЦЕНА:

# Колку повеќе, толку повесело!

Калин и Маријан си играат со џамлии и им се приближува Ана. Таа ги гледа некое време.

**Ана:** Дали може да си играм со вас? Добра сум во џамлии.

**Калин:** Секако, еве: Ќе ти дадам од моите џамлии.

**Маријан:** Јас не сакам да играм со девојчиња. Кажи ѝ да си оди, Калин!

**Калин:** Не, Маријан. Ана ми е другарка! Не можам да ѝ речам да си оди.

**Маријан:** Епа тогаш, јас не ти сум повеќе другар. Јас не си играм со девојчиња. Се мурти и им го врти грбот.

**Ана:** Се смее. Ајде, Маријан. Не биди глупав! За кратко време повторно ќе играш само со Калин. За скоро треба да одам дома и да ѝ помогнам на мајка ми. Или се плашиш да изгубиш од девојче?

**Маријан:** Не се плашам! Само не сакам да си играм со девојчиња. Уште се мурти.

**Калин:** Барем пробај! Ќе видиш, ќе ти биде забавно ако играш со Ана. Го поттурнува Маријан. Направи го тоа за мене, другар!

**Маријан:** полека се опушта, има колеблива насмевка. Во ред, добро. Ќе се обидам. Ама ако не ми е забавно, ќе престанам да играм.

**Ана:** Ура, ќе играм! Ќе видиш, колку повеќе – толку повесело. Го потчукнува Маријан на рамената и прави „да пукне“ со Калин.

# Другарчињата се важни













# 3 – ЗАДАЧА 2
## КАКО СЕ ЧУВСТВУВАТЕ ДЕНЕС?

45 '

**Задача:**
Разговарате за вашите чувства и станувате свесни за чувствата на вашите другарчиња.

**Како да се работи:**
Сами, во парови и со целата група

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 44
- Фломастери
- Ножици
- Безопасни за да се прицврсти стрелката на часовникот

**ЧЕКОРИ**

1. Наставникот/наставничката покажува слика на која дете теши друго дете и зборува со него.
2. Таа го претставува часовникот со чувства (шаблон). Децата ги погодуваат чувствата.
3. Со помош на часовникот, наставникот/наставничката им кажува на децата како таа се чувствува. Таа вклучува различни чувства и ја движи стрелката на часовникот и зборува: „Денес сум среќна бидејќи времето е убаво и бидејќи ве гледам сите вас. Јас ја сакам мојата работа и сакам да ве учам. Малку сум тажна бидејќи брат ми живее далеку. Тој живее во Италија. Исто така, утрово бев малку исплашена бидејќи сретнав големо куче на улица. Тоа лаеше и изгледаше многу луто.
4. Потоа децата одат кај наставникот/наставничката, ја движат стрелката на часовникот и кажуваат како се чувствуваат.
5. Децата работат сами: Тие прават свој часовник и ги обојуваат различните емоции со боите кои одговараат, на пр. жолтата е среќа, сивата е тага, зелената е завист итн.
6. Едно дете покажува чувство на часовникот а другото треба да направи реченица со тоа чувство.

- **ПОГОДИ КАКО СЕ ЧУВСТВУВАМ**
Групата стои во круг. Наставникот/наставничката шепнува некое чувство во увото на некое дете. Детето со мимика го покажува чувството, а другите треба да погодат кое е тоа. Потоа друго дете доаѓа на ред да шепне.

# Како се чувствувате денес?



# 3 – ЗАДАЧА 3
## ГИ ПОКАЖУВАМ МОИТЕ ЧУВСТВА

45'

### Задача:
Ги изразувате чувствата со вашите тела и учите како да ги препознавате чувствата во движењата на другите деца.

### Како да се работи:
Со целата група

### Материјали:
- Песната „Happy“ од Фарел Вилијамс (на компјутер или цд) или „Кога си среќен – ДИСО 2“, или која било песна за среќата

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката и децата глумат, пеат и танцуваат на песна поврзана со чувствата. Наставникот/наставничката дискутира со децата за тоа како различните чувства имаат ефект врз тоа како една личност изгледа или се движи.

2. Групата стои во круг. Наставникот/наставничката ја претставува програма за „вежбање“ на чувствата. Таа е во улога на „тренер“, а децата имитираат. Прво, децата коментираат за тоа што прават, а потоа само ги прават движењата.

3. Во кругот, некои од децата сега покажуваат нивна програма за „вежбање“ на чувствата пред целата група.

| ЧУВСТВО | МОЖНИ ДВИЖЕЊА |
|---|---|
| Јас сум силен/на | Стојте со раздвоени нозе на земјата. Рацете ви се опуштени настрана. |
| Јас се плашам | Кренете ги рамената. Широко отворете ги очите. Малку отворете ја устата. Ставете ги рацете пред вас, за одбрана. |
| Јас сум храбар/ра | Стојте со раздвоени нозе на земјата. Грбот треба да ви е прав. Ставете ги рацете на колкови. |
| Јас сум тажен/на | Стоите со наведнати рамена. Рацете ви висат. Гледате во земјата. |
| Јас самиот/та се тешам | Се прегрнувате себеси за да се тешите. |
| Јас сум среќен/на | Ги кревате рацете горе и викате „Јухуууууу!“ |
| Јас сум лут/а | Удирате на земјата со нозете, ги стегате забите и изгледате луто. Правите тупаници. |
| Јас сум многу среќен/на | Ги кревате рацете горе, скокате и гласно викате „Јухуууууу!“ |
| Се гордеам со себеси | Се потчукнувате самите по рамото, бидејќи сте направиле нешто добро. Градите ви се испрчени. |

Адаптирано од Rytz, T. et al. (2010): Papperla Pep, Körper und Gefühle im Dialog. Materialien für den Unterricht mit Kindern von 4 bis 8 Jahren. Schulverlag plus: Bern.

# 3 – ЗАДАЧА 4
## АЈДЕ ДА СЕ СМИРИМЕ

45 '

**Задача:**
Дискутирате за тоа зошто имате расправии и како тие да се решат.

**Како да се работи:**
Целата група, во парови и мали групи

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 47
- Хартија А4
- ножици

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката го претставува работниот лист и објаснува дека има приказна со караница, но не е со правилен редослед. Децата ги сечат сликите и ги редат по правилниот редослед (самите).
2. Наставникот/наставничката го проверува нивното работење. Децата потоа можат да ги залепат сликите на лист хартија.
3. Прашања кои наставникот/наставничката може да ги постави во последователна дискусија:
   - Како се чувствува Ана?
   - Како се чувствува Калин?
   - Зошто Ана е лута?
   - Зошто е Калин лут?
4. Играње улоги: Во парови, децата ја одигруваат кратката сцена со различно решение на крајот.
5. Некои деца доброволно ја одигруваат сцената пред целата група.

- **СКУЛПТОР И СКУЛПТОРКА**
  Едно дете е суровиот мермер кој треба да се формира. Тоа стои без мрдање. Другото дете е „скулпторот/ката". Првиот чекор е да се креира скулптурата. Прво, со допирање на детето и поместување во посакуваната позиција.
  Потоа децата менуваат улоги.

- **ПИШУВАЊЕ НА ГРБ** → стр. 14

# Ајде да се смириме













# 3 – СЕМЕЈНА ЗАДАЧА 5
## ЗНАК НА ПРИЈАТЕЛСТВО

### ЧЕКОРИ

1. Децата седат во круг. Наставникот/наставничката ја претставува задачата. Таа им демонстрира на децата и родителите како се прави алка на пријателство (описот е на следната страна).

2. Децата работат во парови или групи по четири деца со еден родител. Секое дете треба да добие алка.

3. Децата можат да ги разменат алките со другарче, или да ги задржат и да си направат друга за подарување.

60'

**Задача:**
Правите алки на пријателство за подарување, како знак на пријателство

**Како да се работи:**
Во парови, со родителите и во групи

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 49
- Волна или памук

- **РОБОТИ И МЕХАНИЧАРИ**
  Наставникот/наставничката ја дели групата на многу роботи и неколку механичари (пр. 15 роботи и 5 механичари). Роботите можат да маршираат само право. Кога ќе удрат во пречка, почнуваат да прават „бип-бип". Тогаш механичарот треба да ги заврти за да можат да маршираат. Механичарите треба да внимаваат сите роботи да се во движење, а никој да не „бипка".

- **РАСИПАН ТЕЛЕФОН**
  Групата стои во круг. Наставникот/наставничката му шепнува порака на едно дете, кое му шепнува на друго и така сè додека не помине низ целата група. Крајното дете ја кажува пораката. Дали беше точна? По првиот круг, децата измислуваат порака. Играјте неколку пати.

# Алки на пријателството

1.




## АЛКИ НА ПРИЈАТЕЛСТВОТО

### Вака се прави

1. Земете две парчиња волна и исечете ги на парчиња од 50 цм,
2. Друго дете нека го држи другиот крај.
3. Преплетете ги двете парчиња колку што е можно подолго. Не пуштајте
4. Кога се доста стегнати, ставете еден прст на средина и здиплете.
5. Нишките ќе се навиткаат.
6. Направете чвор на двата краја. Вашата алка е готова!

2.



3.



4.



5.



6.



# 3 – ЗАДАЧА 6
## АЈДЕ ПАК ДА ИГРАМЕ

45'

**Задача:**
Повторно ги играте сите игри.

**Како да се работи:**
Сами, во парови и групи, со целата група

**Материјали:**
- Како што е опишано во задачите



- **„СЛЕПО" ОРО** → стр. 40
- **ПРОГРАМА ЗА „ВЕЖБАЊЕ" НА ЧУВСТВАТА** → стр. 45
- **РОБОТИ И МЕХАНИЧАРИ** → стр. 48
- **СКУЛПТОР И СКУЛПТОРКА** → стр. 46

- **ПИШУВАЊЕ НА ГРБ** → стр. 14
- **ПОГОДИ КАКО СЕ ЧУВСТВУВАМ** → стр. 43
- **СЕДЕЊЕ ВО СКУТ** → стр. 40
- **РАСИПАН ТЕЛЕФОН** → стр. 48

# ЈАС СУМ ЗДРАВ/А

# 4



# ЗАБЕЛЕШКИ


Јас сум здрав/а

# 4 – ЗАДАЧА 1
## МУ СЕ ЗАБЛАГОДАРУВАМ НА МОЕТО ТЕЛО

### ЧЕКОРИ

1. Децата стојат во круг. Наставникот/наставничката му вели на едно дете:
   - Да се движи низ собата само на една нога
   - Да ракоплеска само со една рака
   - Да ги затвори очите, да се сврти кон таблата и да го опише ѕидот спроти таблата Се обидуваат и другите деца. Дали можете?

2. Наставникот/наставничката дава упатства: „Нацртајте дел од вашето тело што посебно го сакате и помислете на некои негови карактеристики или способности за кои би сакале да се заблагодарите. Претставете ја сликата, милувајте го вашиот дел од телото и заблагодарете му се.“

3. Децата презентираат. Другите деца се придружуваат во заблагодарувањето, на пр.
   - „Ти благодарам, јазику, бидејќи можеш да вкусуваш вкусна храна.“
   - Ти благодарам, раче. Бидејќи со тебе можам да цртам.

45 '

**Задача:**
Учите да го цените тоа што вашето тело овозможува да правите различни работи.

**Како да се работи:**
Со целата група, потоа сами

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 55
- Фломастери

# Му се ЗАБЛАГОДАРУВАМ на моето тело



# 4 – ЗАДАЧА 2
## МОИТЕ СЕТИЛА

45 '

**Задача:**
Станувате свесни за различните сетила и што тие нѐ учат за светот.

**Како да се работи:**
Сами, потоа со партнер, на крај со целата група

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 57
- Фломастери
- Ѕвонче
- Парфем или цвет
- Сол или шеќер
- Плишано мече или сл.

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката ги претставува сетилата: вид, слух, вкус, мирис и допир. Со нашите сетила ние сме во контакт со светот.
2. Децата ги бојат сетилата и размислуваат кое им е омилено.
3. Тие ги испробуваат различните сетила. Наставникот/наставничката го прави тоа заедно со децата:
   - Вид: обидете се да видите мал цртеж оддалеку
   - Слух: слушнете многу тивко ѕвонење
   - Мирис: помирисете парфем или цвет
   - Вкус: пробајте малку сол или шеќер
   - Допир: допрете нешто меко (плишано мече и сл.)
4. Децата дискутираат кое им е омилено сетило.
5. Тие го цртаат омиленото сетило во кругот, а под таа слика има друга која покажува нешто што тоа сетило може или да го види, слушне, помириса, вкуси или почувствува.
6. Разменуваат искуство со партнер

- **ПЛЕСНЕТЕ СО РАЦЕТЕ НА ПОД**
  Децата клечат на подот и ги ставаат дланките на под, формирајќи круг. Секое соседно раче е меѓу рацете на другото дете – нешто како патент. Прво една рака почнува да плеска (на подот), потоа друга и така натаму. Децата треба да ги гледаат своите раце и рацете на детето до нив и да координираат. Откако ќе го усовршат ова, се воведува нов аспект: кога една рака ќе плесне на подот двапати, треба да се смени насоката.



- **РАЦЕ ТОПЛИ КАКО СОНЦЕ**
  Децата седат во круг со затворени очи. Наставникот/наставничката го игра сонцето и ги буди децата едно по друго. Таа ги протрива рацете за да бидат топли и ги става на грбот на децата, едно по друго. Секое дете што сонцето го „разбудило“ станува и седнува на своето место.

# Моите сетила











# 4 – ЗАДАЧА 3
## ЗДРАВО И НЕЗДРАВО

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката претставува: „Овошјата се здрави. Што не е здраво?“ Децата кажуваат што знаат. „Дали може да ви текне на работи кои ги правите, а се здрави или нездрави?“ Децата кажуваат што знаат и за ова.

2. Потоа наставникот/наставничката продолжува: „Погледнете ги сликите на листот. Нацртајте крст кај насмеаното лице за здрава активност, а нацртајте крст кај тажното лице за нездрава активност.

3. Потоа децата ги споредуваат табелите со детето до нив.

45'

**Задача:**
Некои активности во секојдневниот живот се здрави, некои не се. Станувате свесни за овој аспект.

**Како да се работи:**
Сами, заедно со родители, на крај со целата група

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 59
- Фломастери
- топка

- **ОВОШНА САЛАТА**
Децата седат во круг. Наставникот/наставничката назначува различни овошја по групи на деца ( пр. 5 се јаготки, 5 се јаболки, 4 се банани итн.) Се бира едно дете за да оди во средината на кругот. Неговото столче се тргнува од кругот. Потоа наставникот/наставничката го кажува името на две овошја, пр. Јаготки и јаболки. Децата од двете групи ги менуваат местата. За тоа време, детето во средината треба да се обиде да седне на некое празно столче. Детето кое ќе остане без столче е следното кое ќе биде во средина. Ако наставникот/наставничката рече „овошна салата“, сите деца треба да станат и повторно да си ги сменат местата.

- **ТОПКА ЗА ЧАО**
Сите деца стојат во круг. Едно дете ја има топката. Му намигнува на друго дете, му ја фрла топката и вели: „Чао, Калин!“ Калин ја фаќа топката, намигнува на друго дете, ја фрла топката и вели : „Чао, Ана!“ Калин си оди од кругот. Потоа децата продолжуваат. Играта завршува кога ќе нема деца во кругот.

# Здраво и нездраво


















# 4 – ЗАДАЧА 4
## ЦРТАЊЕ НА МОЈАТА ОМИЛЕНА ХРАНА

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката дискутира со децата за нивната омилена храна.
2. Децата ја цртаат на нивниот работен лист. Работат сами.
3. Го споредуваат цртежот со другите деца и откриваат кое го има истото.
4. Тие дискутираат дали нивната храна е здрава или нездрава. Дискутираат со нивните партнери и одбираат каде ќе штиклираат.

45 '

**Задача:**
Станувате свесни за вашата омилена храна и учите за омилените јадења на другите.

**Како да се работи:**
Сами, во парови, на крај со целата група

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 61
- Фломастери

- **ОВОШНА САЛАТА** → стр. 58
- **РАСИПАНО ЈАЈЦЕ**
  Сите деца стојат во круг. Едно дете (А) може да излезе од кругот, да трча околу него и да пушти некој предмет – расипаното јајце – (шамивче или хартиена топка) зад друго дете (Б). Б треба да реагира што е можно побрзо и да трча кон личноста која го пуштила предметот (А). Ако Б го фати А, А повторува. Ако А успеало да дотрча до празното место од Б, тогаш Б е на ред да трча и да го фрли предметот.

- **ТОПКА ЗА ЧАО** → стр. 58

# Цртање на мојата омилена храна



Многу здраво

Не баш здраво, а не баш нездраво

Нездраво

# 4 – СЕМЕЈНА ЗАДАЧА 5
## МИ СЕ ДОПАЃА ВКУСОТ НА...

### ЧЕКОРИ

1. Децата седат во круг. Наставникот/наставничката прашува дали некогаш се обиделе да јадат со затворени очи. Децата се искажуваат.

2. Наставникот/наставничката им претставува на децата дека ќе јадат различна храна со затворени очи.

3. Наставникот/наставничката назначува родители за секоја група од четири деца. Во нивната група, родителите подготвуваат мали парчиња различна храна која е за пробување.

4. Групата се дели на групи од по четири ученика. Децата работат во парови. Едно од нив ги врзува очите со превез, а другото му помага да проба различни видови храна, на пр. Парче јаболко, парче орев, колаче или грозје. Исто така, децата можат да ја помирисаат храната и да погодат што е пред да ја пробаат.

5. Децата ги запишуваат искуствата на работниот лист.

6. На крај, сите деца се враќаат во кругот. Се разменува искуство во групата:
   - Дали храната имаше друг вкус со затворени очи?
   - Дали има некоја храна што ја јадете за да се чувствувате добро?

45'

**Задача:**
Учите како да ги концентрирате сетилата на само еден аспект и да станете свесни за тоа што сакате, а што не сакате.

**Како да се работи:**
Во парови, сами, на крај со целата група

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 63
- Фломастери
- Подготвени парчиња храна на чинија

- **РАСИПАНО ЈАЈЦЕ** → стр. 60
- **КОЈ СЕДИ ДО МЕНЕ?** → стр. 10

- **ТАЈНА ПОРАКА** → стр. 48
- **ГРОВТАЈ, ПРАСЕ** → стр. 12

# Ми се допаѓа вкусот на...

Што ви се допаѓа?

За што ви е сеедно?

Што не ви се допаѓа?



| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |









Адаптирано од: Rytz, T. (2010): Papperla PEP. Körper und Gefühle im Dialog. Materialien für den Unterricht mit Kindern von 4–8 Jahren. Schulverlag plus: Bern.

# 4 – ЗАДАЧА 6
## АЈДЕ ПОВТОРНО ДА ИГРАМЕ

45'

**Задача:**
Повторно ги играте сите игри.

**Како да се работи:**
Сами, во парови и групи, со целата група

**Материјали:**
- Како што е опишано во задачите



- ПЛЕСКАЈТЕ СО РАЦЕ НА ПОД → стр. 56
- ОВОШНА САЛАТА → стр. 58
- РАСИПАНО ЈАЈЦЕ → стр. 60
- КОЈ СЕДИ ДО МЕНЕ? → стр. 10

- ТОПКА ЗА ЧАО → стр. 58
- ТАЈНА ПОРАКА → стр. 48
- ГРОВТАЈ ПРАСЕ → стр. 12
- РАЦЕ ТОПЛИ КАКО СОНЦЕ → стр. 56

# ШТО МОЖАМ ДА ПРАВАМ

# 5



# ЗАБЕЛЕШКИ


Што можам да правам
2
6
4
1
7
3
9
5
8

# 5 – ЗАДАЧА 1
## МОЖАМ ДА ПРАВАМ МНОГУ НЕШТА

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката ја претставува сликата и ги прашува децата што гледаат. Тие дискутираат за тоа што можат да прават Ана и Калин. → стр. 67

2. Потоа наставникот/наставничката ги претставува работните листови и вели: „Сега вие можете да покажете што можете да правите, со помош на вашиот прирачник.“ Таа ги покажува следните страни и им ги објаснува на децата.

3. Децата работат сами и ги споредуваат резултатите со партнер.

45 '

**Задача:**
Наоѓате што е можно повеќе работи кои можете да ги правите.

**Како да се работи:**
Со целата група, сами, потоа со партнер

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 69, 70
- Фломастери
- топка

- **РАКЕТАТА ПОЛЕТУВА**
  Сите деца седат во круг. Тие се астронаути. Ракетата почнува со лансирање (децата плескаат со рацете на нивните бутини). Ракетата само што не полетала (плескаат побрзо). Ракетата полетува и се крева кон небото (децата отскокнуваат од столчињата и ги креваат рацете). Варијација: Пред почетокот, наставникот/наставничката може да одбројува од 10 до 0 заедно со децата.

- **СИМОНА ВЕЛИ**
  Сите деца стојат во круг. Наставникот/наставничката почнува и вели „Симона вели да ракоплескате.“ Сите деца ракоплескаат. Наставникот/наставничката вели: „Симона вели, скокајте горе-долу.“ Децата скокаат горе-долу. Наставникот/наставничката вели „Седнете.“ Децата остануваат застанати. Тие дејствуваат само кога наставникот/наставничката ќе ја почне реченицата со „Симона вели“. Потоа, неколку деца можат да ја водат играта.

- **ШТО Е ЦРВЕНО?** → стр. 30

# Можам да правам многу нешта

## Направете слика:




## Колку се на број? Поврзете ги точно:



# Можам да правам многу нешта

Што се КРИЕ на сликата?
Обоете ги полињата со точка:



Најдете 7 разлики:





# 5 – ЗАДАЧА 2
## МОЖАМ ДА СОЗДАВАМ МУЗИКА

45'

**Задача:**
Правите инструменти и музика со необични предмети.

**Како да се работи:**
Со целата група, во двојки или тројки

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 72
- Фломастери
- Чаши за вода, гумени ластичиња, стапчиња за тапан, чешли, тенка хартија, пластични ќеси, кутии, чашки за јогурт, ориз, песок

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката ја покажува големата слика со Ана и Калин и им вели на децата дека можат да создаваат музика со многу различни нешта. Децата гледаат на сликата и ја опишуваат

2. Се подготвуваат станици со различни инструменти. На една станица не се повеќе од три деца. Тие се движат наоколу и бираат по кој ред ќе ги прават активностите. Тие користат „пасош“ за да штиклираат што направиле.
   **а)** Чаши со вода: Наполнете чаши со различно количество вода и удирајте ги со молив за да создадете музика.
   **б)** Гумени ластичиња: Користете гумени ластичиња обвиткани на кутија за да свирите на гитара од ластичиња.
   **в)** Тапани: Земете две стапчиња и откријте што може да се користи како добра површина за тапан.
   **г)** Чешел и хартија: Земете чешел, обвиткајте тенка хартија околу него идувајте на него.
   **д)** Перкусија на тело: Со кој дел од телото можете да создадете музика? Уста, прсти, раце, нозе, јазик итн?
   **ѓ)** Пластични ќеси: Октријте како може да се создава музика со пластично ќесе.
   **е)** Оризови ѕвечки: Наполнете лименка со ориз или мали камчиња и направете ѕвечка.

3. По некое време (35 мин.) наставникот/наставничката им вели на децата да се вратат во кругот. Тие ги носат „пасошите“ со нив и покажуваат на кои станици им било лесно, тешко, интересно итн.

- **СИМОНА ВЕЛИ** → стр. 68

- **КОЈ ОД ВАС МОЖЕ?**
Сите деца стојат во круг. Наставникот/наставничката може да кажува реченици како на пр. „Јас можам да играм фудбал.“ Сите деца кои можат да играат фудбал одат во средина. Кога ќе ги бира активностите, наставникот/наставничката мора да наоѓа активности и вештини за момчиња и девојчиња подеднакво. Варијација: Наставникот/наставничката може да користи и смешни вештини и да рече: „Можам да правам музика со моето тело/чаша вода, итн.“

- **ШТО СЕ СМЕНИ?**
Децата седат во круг. Сите деца треба да гледаат наоколу и да запаметат по кој редослед седат. Наставникот/наставничката бира едно дете. Тоа ја напушта просторијата. Сега, две деца го менуваат местото. Потоа се повикува детето однадвор. Тоа треба да разгледа наоколу и да утврди кој го сменил местото. Потоа се бира друго дете да погодува итн.

# Можам да создавам музика

Чаши со вода 

Гумени ластичиња 

Тапани 

Чешел 

Тело 

Пластични ќеси 

Оризови ѕвечки 

# 5 – ЗАДАЧА 3
## МОИТЕ УБАВИ КАМЧИЊА

60'

**Задача:**
Наоѓате три камчиња кои ги сакате и ги боите. Играте игра заедно.

**Како да се работи:**
Со целата група, сами а потоа со партнер

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 74
- Боја, четки, камчиња, маркер, мало ѕвонче

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката држи три камчиња во раката и им чита песна на децата.

   **Моите убави камчиња**
   Имам три камчиња, убави и мазни,
   Поубави камчиња од другите разни.
   Најубави камчиња од дворот се тие,
   Со нив игра ќе играме ние.

2. Наставникот/наставничката оди надвор со децата да бараат камчиња (три за едно дете). Кога ќе се вратат, се подготвува боја, вода и четкички. Децата бојат две камчиња во иста боја. Третото камче има различна боја. Наставникот/наставничката ги пишува нивните имиња на камчињата со маркер.

3. Ја играат играта „Боча". Прво секој игра сам. Детето го фрла камчето со различна боја пред него. Потоа се фрлаат двете камчиња со иста боја што е можно поблиску до првото. Децата играат во парови. Кој ќе победи? Се дискутира за правилата: нема фрлање кон други деца, нема фрлање далеку или прејако итн.

4. Откако ќе поиграат 15 минути, децата седнуваат во круг со своите камчиња. Ги држат в раце. Наставникот/наставничката повторно ја рецитира песната, а децата рецитираат со неа.

- **КОЈ ОД ВАС МОЖЕ?** → стр. 71

- **ПЛЕСКО**
  Сите деца стојат во круг. Наставникот/наставничката држи мало невидливо животно во рацете. „Ова е „Плеско". Плеско ќе бега низ кругот, а ние треба да го фатиме." Наставникот/наставничката почнува со едно плескање. Потоа детето до неа плеска, по него следното итн. Плескањето оди околу кругот. Потоа наставникот/наставничката плеска двапати, а тоа ја менува насоката на плескањето. Целта на играта е Плеско да се движи што е можно подолго.

- **ПАЈАК ВО МРЕЖА**
  Сите деца седат во круг. Тие се мрежата на пајакот. Едно дете е во средина со превез на очите и тоа е пајакот. Сите се тивки. Наставникот/наставничката дава мало ѕвонче на едно дете. Детето го фрла ѕвончето во кругот. Пајакот треба да оди низ мрежата и да го најде ѕвончето. Потоа друго дете е пајакот и играта почнува повторно.

# Моите убави камчиња




Име

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

Име

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

# 5 – ЗАДАЧА 4
## МОЖАМ ДА РЕШАМ ПРОБЛЕМ

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката им покажува парче хартија на децата: „Што може да направите со парче хартија?“ Децата кажуваат различни идеи, оригинални и необични. Наставникот/наставничката ги собира во круг.

2. Наставникот/наставничката го претставува проблемот со кенгурот: Ана и Калин видоа кенгур во зоолошката. Него го боли ногата кога скока. Тој треба да се однесе на ветеринар, докторот за животни. Како можат да го однесат кај ветеринарот?

3. Децата цртаат четири различни начини на носење на кенгурот.

4. Кога ќе завршат, наставникот/наставничката им вели да дојдат во круг и да ги претставаат решенијата.

45'

**Задача:**
Наоѓате решение за даден проблем и го споредувате со идеите на другите деца.

**Како да се работи:**
Со целата група, потоа сами

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 76
- Фломастери

- **ПАЈАК ВО МРЕЖА** → стр. 73
  или **ШТО СЕ СМЕНИ?** → стр. 71

- **РАСИПАН ТЕЛЕФОН**
  Сите деца седат во круг. Наставникот/наставничката почнува и шепнува кратка реченица на детето до неа. Детето треба да ја пренесе пораката до детето до него со шептење. Така, пораката оди низ кругот. Последното дете ја кажува реченицата на глас. Смешно е да се чуе колку се сменила. Потоа наставникот/наставничката назначува дете кое ќе го почне расипаниот телефон.

- **ПЛЕСКО** → стр. 73

- **ПРАВЕЊЕ КОЛАЧИЊА**
  Две деца играат заедно. Едното дете седи, другото стои зад него. Наставникот/наставничката дава упатства за правење колачиња, пр. „Прво пекарот го растегнува тестото.“ Детето кое стои треба да го растегне тестото со рацете на грбот на другото дете. „Кога тестото е рамно, пекарот ги прави колачињата. За ова користи форми. Детето кое стои црта форми на грбот на другото дете. Тоа треба да погоди која е формата. „Потоа колачињата се ставаат во рерна.“ Детето кое стои ги става дланките на грбот на другото дете и ги поместува колачињата. „По некое време, колачињата се готови. Пекарот ги вади од рерната“ Детето треба да ги дува.

# Можам да решам проблем



Адаптирано од: Shapiro, S. (2000): Thinking skills. A&C Black. London.

# 5 – СЕМЕЈНА ЗАДАЧА 5
## ПРАВИМЕ КОМЕТА

### ЧЕКОРИ

1. По играта со ракета, наставникот/наставничката ги прашува децатата дали знаат што е тоа комета. Тие дискутираат и наставникот/наставничката објаснува.

2. Децата прават комета: Седат во групи од четворица. Во секоја група има еден родител како помош.
   - Секое дете зема три страни од весник и ги стуткува во убава топка.
   - Се става јаже со самолеплива лента околу топката неколкупати, за да се зацврсти.
   - Децата сечат ленти од хартија во боја, ткаенина или пластични ќеси.
   - Лентите се лепат на топката со самолепливата лента.
   - Се става пластика (од пластични ќеси) околу топката (околу 30цм на 30 цм).
   - Со парче коноп, пластиката се врзува на „вратот“ на кометата. Вишокот пластика може да се отсече.
   - Родителите помагаат со пишување на имињата на децата.

3. Фрлање на кометата: сите одат надвор од градинката/училиштето. Децата стојат во линија и почнуваат да ги фрлаат кометите на 3,2,1 сега!



45 '

**Задача:**
Правите комета и заедно играте игра.

**Како да се работи:**
Сами, со целата група, во групи по четворица

**Материјали:**
- Весници
- Самолеплива лента
- Коноп
- Пластични ќеси
- Стара облека
- Ножици
- Црн маркер
- црни фломастер

• **РАКЕТАТА ПОЛЕТУВА** → стр. 68

• **ШТО Е ЦРВЕНО?** → стр. 30

• **РАСИПАН ТЕЛЕФОН** → стр. 75

# 5 – ЗАДАЧА 6
## ГИ ИГРАМЕ НАШИТЕ ИГРИ

45'

**Задача:**
Ги играте игрите кои ги игравте досега.

**Како да се работи:**
Сами, со целата група,
со партнер

**Материјали:**
- Како што е опишано во задачите



- ПЛЕСКО → стр. 73
- ПРАВЕЊЕ КОЛАЧИЊА → стр. 75
- РАКЕТАТА ПОЛЕТУВА → стр. 68
- СИМОНА ВЕЛИ → стр. 68
- „БОЧА" СО КАМЧИЊА → стр. 73
- ФРЛАЊЕ НА КОМЕТАТА → стр. 77
- КОЈ ОД ВАС МОЖЕ? → стр. 71

- РАСИПАН ТЕЛЕФОН → стр. 75
- ПАЈАК ВО МРЕЖА → стр. 73
- ШТО СЕ СМЕНИ? → стр. 71
- ШТО Е ЦРВЕНО? → стр. 30

# ИГРАМЕ ЗАЕДНО

# 6



# ЗАБЕЛЕШКИ

# Играме заедно



# 6 – ЗАДАЧА 1
## ПОДГОТОВКА НА ЗАБАВА СО ИГРИ

### ЧЕКОРИ

1. Децата седат во круг, дискутираат и ја опишуваат сликата од глава 6.

2. Наставникот/наставничката ја претставува задачата со организирање забава со игри. Тие заедно дискутираат за правилата. Наставникот/наставничката собира правила кои децата ги знаат. Потоа ги покажува правилата на работниот лист (→ стр. 83) и ги објаснува. Правилата се поставуваат во просторијата.

3. Наставникот/наставничката објаснува дека на забавата ќе има десет игри за играње заедно со родителите. Сите игри се подредени на табелата. Децата ќе ја носат табелата на нивниот врат и ќе штиклираат кои игри ги изиграле.

4. Децата ги отсекуваат табелите и врзуваат конопи на нив. Работат во парови. Наставникот/наставничката ги пишува имињата на децата на табелите и ги собира.

45'

**Задача:**
Ја подготвувате забавата со игри заедно со наставникот/наставничката. Учите дека се потребни правила за да си играте заедно.

**Како да се работи:**
Во парови, групи и целата група

**Материјали:**
- Ножици
- Табела со игри
- Парчиња конопи
- Материјали за игрите кои ги играте

- **ИГРА СО ПОЗДРАВУВАЊЕ** → стр. 10
- **РАКЕТАТА ПОЛЕТУВА** → стр. 68

- **РАСИПАН ТЕЛЕФОН** → стр. 48 и/или **КАДЕ Е БОГАТСТВОТО?** → стр. 15

# ПРАВИЛА
## За работење и играње заедно

1



Не ги повредувај другите.

2



Кога ќе завршиш со играње или работење, врати ги работите на нивното место.

3



Предметите дели ги со другите.

4



Дозволи да учествуваат и другите.

5



Не ги крши предметите.



Име

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

# 6 – ЗАДАЧА 2
## ПРОБА

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката им објаснува на децата дека ќе ги испробаат игрите и песните за забавата со игри.

2. Наведени се само неколку идеи за тоа кои елементи би можеле да бидат дел од ваква изведба:
   - „Ги сакам животните“, „Смешни животински маски“, „Животински звуци“, „Јас сум животно“ (→ глава 1)
   - Програма за „вежбање“ на чувствата (→ глава 3)
   - песна, на пример „Happy“ или други песни за чувствата (→ глава 3)
   - Играње улоги:
     → „Колку повеќе, толку повесело“, „Ајде да се смириме“ (→ глава 3)
     → „Смешни животински маски“ (→ глава 1)

3. Одвојте време да вежбате и неколкупати да повторите. Внимавајте секое дете да има некаква улога.

4. Наставникот/наставничката ги потсетува децата на правилата. Таа исто така оди по списокот (→ стр. 86). Потоа децата вежбаат.

45'

**Задача:**
Правите проба на претставата и учите која улога ќе ја имате на забавата со игри.

**Како да се работи:**
Во парови, групи и целата група

**Материјали:**
- зависно од игрите и претставата која ќе ја одберете

- **МУЗИЧКА ЗМИЈА** → стр. 32
- **РАКЕТАТА ПОЛЕТУВА** → стр. 68

- **ПЛЕСКО** → стр. 73
- **ТОПКА ЗА ЧАО** → стр. 58

# СПИСОК ЗА ПРЕТСТАВАТА



ЗБОРУВАЈТЕ ГЛАСНО!



ЗБОРУВАЈТЕ ЈАСНО!



ГЛЕДАЈТЕ ЈА ПУБЛИКАТА ВО ЛИЦЕ



АКО ПОКАЖЕТЕ НЕШТО,
ВНИМАВАЈТЕ ДА ГО ВИДАТ СИТЕ



НЕ БИДЕТЕ СРАМЕЖЛИВИ

# 6 – ЗАДАЧА 3
## ПОДГОТВУВАМЕ ПОКАНА

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката ја претставува задачата – правење покани. Исто така, таа ја прегледува програмата заедно со групата:

   а) **Добредојдовте**

   б) **Отпечаток од рака од секој гостин**
   Родителите и децата ги ставаат рацете на голем лист хартија и ги отпечатуваат. Ги пишуваат своите имиња во нивните раце. Тоа ќе биде добар спомен од забавата.

   в) **Добредојде за родителите и објаснување на ДИСО:** Наставникот/наставничката им посакува добредојде на родителите и децата. Таа објаснува што децата направија со ДИСО.

   г) **Приредба на децата:** Децата подготвуваат песна или играње улоги, по неколкуте проби.

   д) **Играме заедно:** На почеток, наставникот/наставничката, децата и родителите играат заедно. Потоа секое дете оди на станиците за играње со неговиот/те родител/и.

   ѓ) **Чао за родителите:** Пред да заминат родителите, децата и наставникот/наставничката им се заблагодаруваат што дојдоа. Играте некои игри заедно и се збогувате.

2. Децата ја бојат нивната покана.

40'

**Задача:**
Ја боите поканата. Се запознавате со програмата на забавата со игри.

**Како да се работи:**
Сами и со целата група

**Материјали:**
- работен лист → стр. 88
- фломастери
- материјал зависно од игрите и приредбите



- **МАРСОВСКИ ПОЗДРАВИ** → стр. 99
- **ОВОШНА САЛАТА** → стр. 58
  или **КОЈ ОД ВАС МОЖЕ?** → стр. 71



- **ТАЈНА ПОРАКА** → стр. 48
- **КАДЕ Е БОГАТСТВОТО?** → стр. 15

**ПОКАНА ЗА**

# Забава со игри

Ве покануваме да дојдете
во градинка/училиште на

_____________________
(датум)

Од ______________ до ______________ (време).

**ПРОГРАМА**

1
Добредојдовте

2
Приредба на децата

3
Играме заедно!

4
Чао

# 6 – ЗАДАЧА 4
## ИГРАМЕ (1)

45'

**Задача:**
Ги играте сите игри и одите на станиците за игри во парови.

**Како да се работи:**
Во парови и со целата група

**Материјали:**
- Материјалите опишани во игрите

**ЧЕКОРИ**

1. Наставникот/наставничката ги игра игрите со децата. Играат во парови. Ја користат табелата за да штиклираат што играле.
2. Еве го списокот на игри и предлози:

3 ФРЛАЊЕ ТОПКИ ВО КУТИЈА (кутија и десет хартиени топки)

2 БИДИ МИ ОГЛЕДАЛО (без материјал)

1 ПИШУВАЊЕ НА ГРБ (без материјал)

4

**СЛЕПО ОРО**

(столчиња, креди итн)

5

**ИГРАЊЕ УЛОГИ „КОЛКУ ПОВЕЌЕ ТОЛКУ ПОВЕСЕЛО"**

6

**МОИТЕ СЕТИЛА**

(3 работи за допирање, три за мирисање и решенија)

7

**ЗДРАВО И НЕЗДРАВО**

(копирајте го прашалникот од 4 - задача 3)

8

**МОЖАМ ДА СОЗДАВАМ МУЗИКА**

(направени инструменти од глава 5)

9

**„БОЧА" СО КАМЧИЊА**

(камчиња во боја)

10

**КОЛКУ ДАЛЕКУ ЛЕТА КОМЕТАТА?**

(две комети)

# 6 – ЗАДАЧА 5
## ИГРАМЕ (2)

### ЧЕКОРИ

1. Децата треба да имаат време за уште еднаш да ја повторат приредбата.

2. Наставникот/наставничката одлучува кои игри да се играат уште еднаш.

3. Давајте понатамошни упатства ако е потребно. Исто така, можете да назначите одредени улоги на вашите деца, пр. Да ги дели табелите со станиците за игри, да им објасни на гостите дека треба да се стави отпечаток од раката на хартијата на почетокот на забавата итн.

45 '

**Задача:**
Ја повторувате приредбата и играте некои игри.

**Како да се работи:**
Во парови, групи и со целата група

**Материјали:**
- Сè што ви треба за пробата и игрите кои сакате да ги играте.






# 6 – СЕМЕЈНА ЗАДАЧА 6
## ЗАБАВА СО ИГРИ: ИГРАМЕ ЗАЕДНО

### ЧЕКОРИ

Програмата треба да го содржи следното:

1

**Направете отпечаток од раката на секој гостин**
Секој родител и дете кое доаѓа на забавата ја отпечатува раката на хартијата и го запишува името во неа.

2

**Добредојде за родителите**
Наставникот/наставничката и децата им посакуваат добредојде на родителите.

3

**Приредба од децата**
Децата пеат и го изведуваат тоа што го вежбале.

4

**Децата и родителите играат игри**
Играте некои игри за да се запознаете подобро. Прво можат да демонстрираат децата, а потоа да играат заедно со родителите.

5

**Претставување на станиците за игри**
Повторно објаснете како функционираат станиците за игри. Секој треба да има табела.

6

**Чао за родителите**
Заблагодарете им се на родителите за учеството. Покажете ги отпечатоците од раце како симбол за ова учество и играјте една последна игра (за смирување) во кругот.

120 – 180 '

**Задача:**
Се одвива забавата со игри.

**Како да се работи:**
Во парови и со сите гости

**Материјали:**
- Како што е опишано во различните задачи



# ШТО НАУЧИВ ЈАС
# ШТО НАУЧИВМЕ НИЕ

# 7

# 7 – ЗАДАЧА 1
## САКАМЕ ДА ГО ДВИЖИМЕ ТЕЛОТО

### ЧЕКОРИ

1. Песна за загревање „Глава и рамена“: Пејте ја песната заедно со децата и правете движења (текстот и музиката се на следната страна).

2. Децата стојат во круг.

3. Наставникот/наставничката почнува да ги покажува движењата со тело и децата ги следат движењата на пр.:
   - Допирање на нозете со раце (без да се виткаат колената)
   - Допирање на левото рамо со десниот прст, ставајќи ја раката преку глава
   - Истегнување
   - Стоење на прсти и „посегнување кон ѕвездите“
   - Стоење во круг, држење за раце и движење во една насока. Менување на насоката.

4. Децата продолжуваат и ги покажуваат движењата, а другите следат.

5. Се прашуваат неколку деца како се чувствуваат во врска со движењата.

6. Повторете ја песната.

15 '

**Задача:**
Се потсетувате дека движење на телото со игра е забавно.

**Како да се работи:**
Со целата група

**Материјали:**
- ЦД плеер или компјутер за да се пушти песната

# Сакаме да го движиме телото

## ПЕСНА:
## Глава и рамена
(Head and shoulders)




### КОГА ПЕЕТЕ ПРАВЕТЕ ГИ СЛЕДНИТЕ ДВИЖЕЊА:



Head (глава): покажете на главата
Shoulders (рамена): покажете на рамената
Knees (колена): покажете на колената
Toes (прсти на нозете): покажете на прстите на нозете

Eyes (очи): покажете на очите
Ears (уши): покажете на ушите
Mouth (уста): покажете на устата
Nose (нос): покажете на носот



# 7 – ЗАДАЧА 2
## ЦРТАЊЕ НАГРАДА ЗА НАШЕТО ТЕЛО

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката започнува дискусија за тоа зошто децата ги сакаат своите тела. Тие зборуваат за тоа што може телото и дискутираат за тие прашања со детето до нив.

2. Потоа, ги споделуваат идеите. Тие треба да нацртаат награда на работниот лист (во активностите за телото). Наставникот/наставничката појаснува дека наградата е за активноста на телото која децата најмногу ја сакаат.

30'

**Задача:**
Станувате свесни дека здравото тело е бесценето.

**Како да се работи:**
Со целата група, во парови, сами

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 97
- фломастери

- **ПЛЕСКАЊЕ СО РАЦЕТЕ НА ПОД** → стр. 56

- **ПЕСНА: ГЛАВА И РАМЕНА** → стр. 95
- **РАЦЕ ТОПЛИ КАКО СОНЦЕ** → стр. 56

# Цртање награда за нашето тело



# 7 – ЗАДАЧА 3
## СЛИКА ОД НАШАТА ГРУПА

### ЧЕКОРИ

1. Децата седат во круг. Наставникот/наставничката дискутира за „мозаик“ со децата. Таа може да стави мали парчиња хартија на подот за да демонстрира.

2. Таа ја претставува задачата – цртање слика од целата група. Таа истакнува дека секое дете ќе направи еден дел од овој мозаик.

3. Таа покажува обично парче хартија и дава упатства: „Можете да правите што сакате. Има само едно правило: Треба да користите бои, а тие ги сместувате каде сакате на сликата. Не цртајте предмети како на пр. топка, коњче итн.“

4. Децата бојат сами. Наставникот/наставничката го пишува името на опачината од нивниот цртеж.

5. Наставникот/наставничката и децата ги склопуваат сите цртежи во една голема слика (веројатно на подот). Заедно дискутираат на што личи големата слика.

6. Наставникот/наставничката наоѓа простор за да ја закачи големата слика (ако е возможно).

45'

**Задача:**
Правите цртеж од целата група. Разбирате дека сте дел од поголема група.

**Како да се работи:**
Со целата група, сами

**Материјали:**
- Бели листови хартија (А4 или помали) за секое дете
- Бои или фломастери



• ПЛЕСКО → стр. 73

# 7 – ЗАДАЧА 4
## ВАКА СЕ ПОЗДРАВУВААТ МАРСОВЦИТЕ

### ЧЕКОРИ

1. Децата седат во круг. Наставникот/наставничката ги слуша идеите за видот на поздрави од другите земји во светот. Ако децата не знаат други форми, таа може да го претстави „Ваи“ поздравот од Тајланд: ставање на споените дланки до градите и поклонување.

2. Потоа наставникот/наставничката слуша нови форми на поздравување од децата: „На кој друг начин би се поздравиле со некого? Што мислите, како би се поздравувале вонземјаните?“

3. Потоа децата треба во парови да измислат нови форми на поздравување преку глумење дека се Марсовци. Секој пар може да измисли три нови форми на поздравување.

4. Децата повторно седат во круг. Паровите треба да ги претстават нивните „марсовски поздрави“ среде кругот. Секој од паровите оди во средината и се поздравува.

30'

**Задача:**
Станувате свесни дека има многу различни форми на поздравување во светот.

**Како да се работи:**
Со целата група, во парови

**Материјали:**
- нема

- **ИГРА ЗА ПОЗДРАВУВАЊЕ**
  Со ракувања, „да пукне“ и прегратки → стр. 10

- **КАДЕ Е БОГАТСТВОТО?** → стр. 15 или
  **ШТО Е РАЗЛИЧНО?** → стр. 27

# 7 – СЕМЕЈНА ЗАДАЧА 5
## ПОВРАТНА ИНФОРМАЦИЈА ОД РОДИТЕЛИТЕ

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката им ја претставува задачата на децата. Таа им го покажува листот за повратна информација и објаснува зошто родителите треба да го пополнат, пр.: „Во оваа година, заедно изработивме многу: вие, вашите родители и јас. Некои од вашите родители дојдоа кај нас на час, а накои од родителите дојдоа да играат игри со нас. Сега може да ги прашате дали тоа им се допадна и што особено им се допадна.“

2. Наставникот/наставничката им го покажува листот на децата и им го врачува. „Кога ќе одите дома, дајте им го листот на родителите. Можете заедно да го пополните. Родителите можат да одберат десет искази со кои се согласуваат.

3. Го враќате пополнетиот лист во градинка/училиште.

30 '

**Задача:**
Вашите родители даваат повратна информација за ДИСО програмата и нивното учество во активностите. Ова го прават дома заедно со вас.

**Како да се работи:**
Сами со вашите родители

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 101
- фломастери

# Повратна информација од родителите

Одберете 10 искази со кои се сложувате

- ◯ ДИСО беше интересно
- ◯ ДИСО ме мотивираше
- ◯ ДИСО бараше многу работа
- ◯ ДИСО му помогна на моето дете
- ◯ Лекциите од ДИСО беа весели
- ◯ Уживав во забавата со игри
- ◯ Сакав да бидам во градинка/училиште со моето дете
- ◯ Сакав да работам со наставникот/наставничката
- ◯ ДИСО ми помогна да видам што умее моето дете
- ◯ ДИСО ми помогна да ги видам квалитетите на секое дете
- ◯ Моето дете уживаше во ДИСО
- ◯ Дома слушнав многу за ДИСО
- ◯ Моето дете сега знае повеќе песни и игри
- ◯ Моето дете знае за што е талентирано
- ◯ ДИСО придонесе за добра атмосфера на час
- ◯ ДИСО придонесе за добра атмосфера кај родителите
- ◯ ДИСО придонесе за односот помеѓу наставникот/наставничката и родителите

# 7 – ЗАДАЧА 6
## ШТО МИ СЕ ДОПАДНА, А ШТО НЕ

### ЧЕКОРИ

1. Наставникот/наставничката дава мал преглед на сите активности кои се направиле.
2. Таа им го покажува работниот лист на децата и ги објаснува значењата на сликата и симболите за емоции.
3. Децата ги гледаат сликите и штиклираат „смешко“ за „ми се допадна активноста“, неутрално лице за „ми се допадна така-така“ и тажно лице за „не ми се допадна активноста.“
4. Наставникот/наставничката ги собира листовите. По часот, таа одвојува време да му даде повратна информација на секое дете. Најдобро е да ги повика децата едно по друго и кратко да позборува за постигнувањата на детето. Фокусот на разговорот треба да биде на квалитетите на детето, а не на грешките и слабостите. Наставникот/наставничката, исто така, пополнува позитивна повратна информација на дното од страницата.

25 '

**Задача:**
Помислувате на активностите кои ги работевте и искажувате што ви се допадна, а што не.

**Како да се работи:**
Сами

**Материјали:**
- Работен лист → стр. 103
- фломастери

- Децата бираат една игра за играње

- Децата бираат игра која сакаат да ја повторат. Наставникот/наставничката одлучува што да се игра. Се играат максимум три игри.

# Што ми се допадна, а што не




| | | |
|---|---|---|
| цртање | | |
| | | |
| пеење и музика | | |
| | | |
| играње игри | | |
| | | |
| дискусија | | |
| | | |
| изработка | | |
| | | |
| .......................... | | |
| | | |

# Повратна информација од наставникот/наставничката

